Република Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 05-333/11
19.05.2015 год.
СКОПЈЕ

Друштво за промет и графичка дејност
ВАН ГОГ Владимир Стојчевски
ДООЕЛ експорт - импорт
Бр. 12/15
19.05.2015 год.
СКОПЈЕ

Склучен на ден 19.05.2015 помеѓу

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – Скопје**, со седиште на ул. “1” Колонија Идризово бр.2А – Скопје, ЕДБ 4043009100089 Трезорска сметка 100000000063095, Буџетски корисник сметка 160016125560319 програма 42, сметка на самофинансирачки активности 160016125578810 депонент НБМ, застапувана од Деканот на Факултетот, Проф. д-р Оливер Бачановиќ, како набавувач (во натамошниот текст: набавувач), и

**Друштво за промет и графичка дејност “ВАН ГОГ” ДООЕЛ** Скопје, ул. “Пајко Маало” 102/13 1000 Скопје, со ЕДБ 4030998354863 МК жиро сметка 200000028251630 застапувана од Владимир Стојчевски, како понудувач (во натамошниот текст: понудувач), го склучија следниот

(7)

# Д О Г О В О Р
## за сукцесивна набавка на услуга

Член 1

Предмет на овој Договор е сукцесивна јавна набавка - **услуги за печатење и укоричување на изданија и печатење на промотивен и рекламен матерјал за потребите на Факултетот за безбедност за 2015/2016 година.**

Член 2

Договорот се склучува за одредено време, за период од 1 (една) година од денот на склучувањето на Договорот.

Член 3

Вкупната вредност на овој Договор нема да го надмине износот повеќе од 5.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ.

Член 4

Цената на горенаведените услуги е утврдена во понудата дадена од страна на Понудувачот, согласно е-аукцијата како составен дел од тендерската документација бр.07/2015 и истата е прикажана во денарска вредност.

На вкупната цена дополнително ќе се пресметува 18 % ДДВ.

Член 5

Видот на услугата каде Понудувачот се обврзува да ја изврши е утврдена согласно техничката спецификација како дел на тендерската документација бр.07/2015 и претставува составен дел на Договорот.

Член 6

Понудувачот се обврзува договорената набавка на услуга утврдена во член 1 и член 5, на овој Договор да ја изврши навремено и квалитетно, согласно стандардите во таа област.

Начинот и рокот на испорака на услугите дополнително се уредува помеѓу двете страни.

Член 7

Понудувачот е должен предметот на набавката да го изврши веднаш или во разумен рок, согласно потребите на Набавувачот.